Врз основа на член 191од Законот за заштитана децата(,,Службен весник на РМ,бр. 23/213,12/14,44/14,144/14,10/15,25/15,150/15,192/15,27/16,163/17,21/18,198/18,104/19,146/19 и 275/19),Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната установа за деца-детска градинка и износот на трошокот за престој во установата за деца ,што паѓа на товар на родителите бр.11-3-1043/5 од 02.11.2004 (Сл.весник на РМ бр.66/03 и.78/04)и чл.32 ст.1 алинеја 16 од Статутот на ЈОУДГ ,,БАМБИ,,-М.Каменица,Управниот одбор на ЈОУДГ,,БАМБИ,,М.Каменица на ден17.08.2020 година,донесе:

**П Р А В И Л Н И К** Арх.бр. 02-113/4
17.08.220

**За утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ "БАМБИ,,М.КАМЕНИЦА за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓа на товар на родителите**

Член 1

Со овој Правилник се утврдува месечниот износ на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ"БАМБИ"Македонска Каменица и износот на надоместокот на трошоците за престој во установата за деца што паѓа на товар на родителите согласно Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната општинска установа за деца-детска градинка и износот на надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите бр.11-3-1043/5 од 02.11.2004 година донесен од министерот за труд и социјална политика.

Член 2

Висината на надоместокот на трошоците за престој на дете во Детската градинка се утврдува во зависност од Програмите и групата во која е вклучено детето.Од учеството на корисникот на услугата-родителот се обезбедуваат најмалку 65% за прехрамбени производи за исхрана на децата,а остатокот од 35% за материјални трошоци.Износот на надоместокот на трошоците што паѓа на товар на родителот се утврдува месечно по дете и изнесува:

-Програмата за целодневен престој (три оброка) изнесува 1.490денари

-Програмата за полудневен престој (еден оброк појадок) изнесува 599 денари

-Програма за полудневен престој ( без ужина ) изнесува 298 денари

-Програмата за престој и оброци (појадок и ручек) изнесува 1.182 денари

-Програмата за престој и оброци (ручек и ужинка) изнесува 1080 денари

-Програмата за престој и оброк (само ручек) изнесува 700 денари

-Програмата за згрижување за еден час изнесува 65денари

-Програмата запрестој и исхрана на деца над 6 до10 год.возраст изнесува 1.490 денари

Член 3

Пресметувањето и наплатите  на надоместокот за време на отсуство ќе се врши согласно дописот бр.11-10-692/5 од 27.10.2003 год.кој ги плаќа  родителот-корисник на услугите за време на најавенои оправдано отсуство на детето на име материјални трошоци се прецизира во зависност од видот на програмата.

За отсуство на детето (најавено  и оправдано)наплатата ќе се врши така што за првите пет денане се одбива ништо т.е родителот ја плаќа целата сума,а за наредните денови за континуирано отсуство се плаќа надоместок  - материјални трошоци согласно цената  на услугата(програмата за престој)  која ја користи детето дневно изнесува:
по 25 денари за програмата за целодневен престој,за полудневен престој(појадок) 10 денари,за полудневен престој без ужинка по 13 денари,за програмата  (појадок и ручек) по 20 денари  , за програмата (ручек со ужинка)  по  18 денари   и  по 12 денариза престој  и еден оброк(ручек).

Член 4

За континуирано и претходно најавено   отсуство за детето  цел месец  се плаќа 35% од целодневниот трошок на име материјални трошоци  т.е 521 денари,доколку  не станува  збор за исклучителни оправдани причини.

Член  5

Овој Правилник влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од страна на Советот на општина Македонска Каменица.

ЈОУДГ„БАМБИ„М.КАМЕНИЦА

**Претседател на Управен одбор**

Перо Митревски